Здружение за едукација и тренинг
ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

01 јануари - 31 декември 2021 година

@cetmk

@cetmk

www.cetplatform.mk

Скопје, јануари 2022

МАКЕДОНИЈА

# Содржина


**За ЦЕТ платформа** ... 3
Визија ... 3
Основни цели и задачи ... 4
Целни групи ... 4
**Програмски задачи во 2021 година** ... 5
**Членство** ... 5
**Главни активности во 2021 година** ... 6
**Проект за европски вредности во Општина Аеродром** ... 7
**Еразмус+ проект „It Is All About Love“** ... 8
**Реализирани меѓународни проекти во 2021 година** ... 9
Листа на реализирани меѓународни проекти во 2021 година ... 9
**Финансиски извештај на ЦЕТ платформа за 2021 година** ... 11



Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Ул. бул. Видое Смилевски Бато 35/2-20, 1000, Скопје - Аеродром
+38978247458 | www.cetplatform.mk | macedonia@cetplatform.org

## За ЦЕТ платформа

Здружението за едукација и тренинг ЦЕТ платформа Скопје е доброволно, непрофитно и невладино здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, промоција и заштита на човековите права, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните и граѓанските вредности, зајакнување на меѓуетничките односи, афирмација на младите во општеството, промоција и заштита на медиумските слободи, права и стандарди и економски развој на територијата на Република Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законите.

ЦЕТ платформа е формирана во јануари 2016-та година од млади, мотивирани, компетентни и искусни младински работници, младински лидери, активисти и експерти кои се активни во граѓанскиот сектор и вклучени во младинска работа од 2008-ма година.

ЦЕТ платформа Скопје е македонскиот огранок на CET platform мрежата која има преставништва и во Србија, Хрватска, Црна гора, Словенија, Косово, Бугарија, Грција, Полска, Италија, Литванија и Босна и Херцеговина.

Преку својата работа, ЦЕТ платформа се обидува да го стимулира личниот, професионален и општествен развој на младите, како и да поттикне нивно активно и одговорно учество во општествените, културни, политички, образовни и економски процеси.

## Визија

Визијата на ЦЕТ платформа е остварување на поширок оптштвен интерес, делување и остварување на цели во областите на граѓанското општество, демократскиот поредок и институции, граѓанските вредности, човековите права, медиумите, неформалното образование и ранливите категории на граѓани во општеството.

## Основни цели и задачи

- развој на граѓанското општество, демократијата и демократските институции
- унапредување и заштита на човековите права, граѓанските вредности и правата на ранливите категории на ѓраѓани во општеството
- зајакнување на меѓуетничките и меѓурелигиските односи и придонесување кон еднаквост и солидарност во општеството
- унапредување и заштита на медиумските слободи, права и стандарди
- промоција на неформалнотo образование меѓу граѓаните, особено меѓу младите
- поддршка на маргинализираните лица и придонесување кон нивно социјално вклучување во општеството
- понудување на помош на локалните и државните институции за формулирањето на одговорни јавни политики
- афирмација на младите во општеството и потикнување на нивно учество во процесите на донесување одлуки
- поттикнување и промоција на развој и знаење во областа на домашните, регионалните, Европските и меѓународните односи и соработка
- промоција и развој на креативноста, иновацијата и претприемништвото
- промоција на одржливот развој и заштита на животната средина
- градење на капацитети на граѓанското општество на домашно и меѓунардоно ниво
- унапредување на добротворството, волонтерството и активно учество на граѓаните во општествениот, политичкиот и економскиот живот
- воспоставување соработка со домашни и странски здруженија на граѓани, фондации, единици на локалната самоуправа, државни институции и други организации чии цели се компатибилни со целите на ЦЕТ платформа
- други дејности од општествениот живот кои се од јавен интерес.

## Целни групи

- Млади луѓе на возраст од 15 до 30 години
- Младински работници
- Маргинализирани групи на граѓани

## Програмски задачи во 2021 година

За остварување на визијата и целите на Здружението, ЦЕТ платформа во 2021 година ги имаше следните програмски задачи:

1. Зголемување на бројот на членовите преку промовирање на организацијата на локални активности организирани од други здруженија на граѓани, како и промовирање преку социјалните мрежи.
2. Барања за донации и оперативни грантови од домашни и странски организации, поединци, единици на локалната самоуправа, државните институции или домашни и странски програми заради обезбедување на средства за работа.
3. Учество на проекти како партнерска организација и соработка со домашни и странски здруженија и организации, како и со преставници од граѓанскиот сектор кои имаат исти или слични цели и задачи како и ЦЕТ платформа.
4. Испраќање на млади луѓе, младински работници и преставници на граѓански организации на проекти и активности организирани од страна на нашите странски партнерски организации.
5. Присуство на семинари, конференции, тркалезни маси и слични активности кои обработуваат релеванти прашања за дејноста на Здружението на кои настапивме со свои предлози, знаења, идеи и сугестии.
6. Развивање на соработка и склучување на партнерства со слични организации од земјава и од странство.

## Членство

Во 2021 година, ЦЕТ платформа имаше 30 активни членови и волонтери кои припаѓаат на различни етнички, религиски и родови групи кои живеат во Македонија. Членовите имаат различни профили и искуства, меѓутоа повеќето од нив се активни во младинска работа, неформално образование и граѓански активизам од 2008-ма година како членови на различни организации. Тие биле во улоги на учесници, асистенти, логистика, координатори и организатори на разни локални, национални и меѓународни проекти на различни теми во рамки на програмите: Млади во Акција, Европа за Граѓаните, Еразмус Плус и No Hate Speech Movement. Повеќето од членовите на ЦЕТ платформа биле волонтери или работеле за други домашни и странски непрофитни и невладини организации во Македонија, а некои од нив биле волонтери (преку ЕВС програмата) во организации во други држави.

# Главни активности во 2021 година

Главните активности на ЦЕТ платформа во 2021 година беа концентрирани кон меѓународната соработка, склучување на нови партнерства и реализација на проекти во соработка со партнерски организации од странство. На овие проекти, ЦЕТ платформа помагаше во фазите на подготовка, реализација и овозможување видливост на проектните активности и резултати, а на некои од нив заедно со партнерските организации ги пополнуваше апликационите формулари, ја планираше програмата, подготвуваше и координираше имплементацијата и евалуацијата на активностите на проектите преку испраќање на свои обучувачи или проектни асистенти.

Во 2021 година, на локално ниво, ЦЕТ платформа реализираше **1 национален проект** за европски вредности Општина Аеродром во периодот од 21-ви мај до 21-ви октомври 2021 кој имаше за цел промоција на вредностите на Европската Унија и придобивките од членството во ЕУ преку реализација на 8 информативни работилници и панел дискусии во различни делови на општината со вклучување на околу **200** граѓани, претставници на локалните власти, претставници на бизнис секторот и граѓанскиот сектор, со посебен акцент на млади лица и студенти.

Во 2021 година, ЦЕТ платформа реализираше **1 меѓународен проект** на Попова Шапка, Северна Македонија во периодот од 22-ри до 29-ти август 2021 во соработка со 5 партнерски организации на кој учествуваа **36** млади и младински лидери од С. Македонија, Унгарија, Грција, Турција, Италија, Словенија и Полска.

Во 2021 година, ЦЕТ платформа реализираше **27 меѓународни проекти** во соработка со преку 200 странски организации. На овие проекти, ЦЕТ платформа испрати **97** млади луѓе, младински работници, свои членови и волонтери, како и преставници на други граѓански организации од Македонија.

Број и тип на реализирани проекти:

- **8 обуки** (training courses)
- **10 младински размени** (youth exchanges)
- **4 семинари** (seminars)
- **4 почетни состаноци** за проекти (kick-off meetings & advance planning visits)
- **1 транснационален состанок** (transnational meeting)

Овие активности беа реализирани во следните држави: Северна Македонија, Грција, Бугарија, Србија, Турција, Шпанија, Шведска, Босна и Херцеговина, Хрватска, Италија, Португалија, Полска, Англија и Данска.

Сите реализирани проекти во кои ЦЕТ платформа беше вклучена беа финансирани преку програмата **Еразмус+** на Европската Унија.

# Проект за европски вредности Општина Аеродром

Во февруари 2021 година, ЦЕТ платформа поднесе предлог-проект за европски вредности до Општина Аеродром кој беше одобрен за финансирање во април 2021 со буџет од 200.000 денари.

Проектот се реализираше на територијата на општина Аеродром со цел промоција на вредностите на Европската Унија и придобивките од членството во ЕУ. Ова беше постигнато преку реализација на 8 информативни работилници и панел дискусии во различни делови на општината со вклучување на минимум 200 граѓани, претставници на локалните власти, претставници на бизнис секторот и граѓанскиот сектор, со посебен акцент на млади лица и студенти. Преку овие информативни работилници се овозможи јасно потенцирање на потребата од почитување на човековите права и слободи, демократијата, еднаквоста и владеењето на правото – како основни постулати и вредности на Европската Унија, промоција и усвојување на истите од секој еден наш граѓанин, со што ќе се овозможи мир и добросостојба на сите граѓани. На секоја работилница учествуваа од 20 до 30 лица во времетраење од 3 до 4 часа. Работилниците беа водени од лица кои се компетентни и имаат долгогодишно искуство со работа на темите. Исто така, додека се одржуваа работилниците, на различни места во општината беа поставни два штанда како ЕУ Инфо-точки на кои се дистрибуираа промотивни материјали за ЕУ вредности и придобивки.

Проектот траеше 6 месеци. Првиот месец се подготвија и испечатија флаери и промотивни материјали и се идентификуваа осум делови од општина Аеродром каде што се реализираа работилниците. Исто така, се одбраа учесници во проектот преку објави на веб страницата на здружението, социјалните мрежи, мејлинг групи, но и преку лични контакти и покани до преставниците предвидени со целната група. Во наредните 4 месеци се реализираа работилниците (по две работилници месечно) и се поставија штандовите како ЕУ Инфо-точки. Во последниот месец од проектот се подготви и испечати Билтен од активностите од проектот, кој содржи кратки описи на работилниците и фотографии од активностите, како и крајните резултати кои се постигнаа со проектот со вклученост на сите квантитативни и квалитативни индикатори (број на учесници, број на работилници, број на дистрибуирани флаери и промотивни материјали, број и вид на споделени информации и презентации, вид на дискусии, обработени евалуации и сл.). Во работилниците се вклучија околу 200 лица.

За време на проектот се потпишаа меморандуми за соработка со 13 здруженија на граѓани од Општина Аеродром со што се воспостави мрежа на здруженија која цели кон остварување долгорочна меѓусебна поддршка и соработка со општината, но и меѓусебна тесна координација, планирање и реализација на активности.

Истовремено, со дел од добиените средства од општината ги искористивме за оспособување на деловен простор од 72 м2 која ќе се користи за реализација на предвидените проектни активности, но за идни проектни и други хуманитарно-социјални активности. Една од главните функции на овој деловен простор ќе биде Центар за кариерен развој и поддршка на ранливите категории на граѓани.

# Еразмус+ проект „It Is All About Love“

Проектот „ It Is All About Love “ беше мобилност на млади луѓе – младинска размена што ја организиравме на Попова Шапка, Северна Македонија од 22-ри до 29-ти август 2021 година со финаниска поддршка од програмата Еразмус+ на Европската Унија. На младинската размена учествуваа 36 млади луѓе и младински лидери од Северна Македонија, Италија, Грција, Полска, Турција, Унгарија и Словенија.

Проектот го истражуваше културниот универзал на бракот и свадбените церемонии во државите-учеснички како начин за младите да ги почитуваат и научат повеќе за различните култури, традиции и религии. Главна цел на младинската размена беше промоција на меѓусебното разбирање и интеркултурно учење, мотивирајќи ги младите учесници да се запознаат со нови култури и бидат поактивни учесници во општеството.

Специфични цели на проектот беа:

- Да се поттикне меѓусебно разбирање, интеркултурно учење и соработка помеѓу 36 млади луѓе и младински лидери од различни култури и различно развиени локални области;
- Да се промовира учењето јазици и лингвистичката разновидност преку креативни методи на неформално образование;
- Да се стимулира иницијативниот дух, креативност и активно учество во општеството кај младите;
- Да се промовираат и подобрат ставовите на учесниците кон културната различност во различни локални и национални реалности;
- Да се развие чувството на припадност на младите кон заедничката европска идеја и европско граѓанство;
- Да се поттикне меѓународна соработка и градење партнерство помеѓу младински организации од 7 европски земји за работа на проекти за култура и различност;
- Да се промовира програмата Еразмус+ како алатка за работа со млади луѓе, како и за поттикнување активно младинско учество.

Младинската размена користеше методи кои се засноваат на неформално и искуствено образование. Учесниците активно ја креираа програмата преку учество во сите презентации, дискусии и активности, како и со давање повратни информации. Сите учесници, исто така, имаа можност да планираат и самите да водат некои од активностите за време на младинската размена, како што беа презентациите и симулациите на свадбени церемонии од нивните земји, како и интеркултурните вечери. Методите што беа користени вклучуваа: меѓусебно запознавање, ice-breakers и активности градење на тим, дискусии, дебати, работа во групи, симулации, презентации, анализа и споредба, театар и играње улоги, лични и групни размислувања и активности на отворено.

**Повеќе информации за проектот:** https://love.cetplatform.mk/

C:E:T Platform
МАКЕДОНИЈА

# Реализирани меѓународни проекти во 2021 година

| Вид на проект | Име на проект | Место | Дати | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| Младинска размена | Social Influencers | Јанина, Грција | 01 - 09 јули | 5 |
| Транснационален состанок | Living Spaces | Скопје, С. Македонија | 22 - 25 јули | 2 |
| Младинска размена | Youth Leaders for Youth Initiatives | С. Гудевица, Бугарија | 8 - 16 јули | 5 |
| Младинска размена | Youth Unity and Inclusive Camp | Стратони, Грција | 20 - 31 јули | 5 |
| Почетен состанок | Creativity 4 Change | Нови Сад, Србија | 02 - 07 август | 1 |
| Младинска размена | Youth’s Perspective on Employment | Чанкири, Турција | 16 - 22 август | 6 |
| Младинска размена | Media Literacy for Youth | Ловеч, Бугарија | 19 - 26 август | 7 |
| Младинска размена | It Is All About Love | Попова Шапка, С. Македонија | 22 - 29 август | 6 |
| Обука | European Values Equalizers | Трикала, Грција | 25 август - 03 септември | 3 |
| Почетен состанок | Education 4.0 | Кахраманмараш, Турција | 01 - 04 September 2021 | 2 |
| Обука | EXODUS - Let's ESC | Малага, Шпанија | 03 - 12 септември | 3 |
| Обука | Let's Map it! - Youth work for countryside development | Лахолм, Шведска | 10 - 17 септември | 3 |
| Обука | Creativity 4 Change: Training course 1 | Кључ, Босна и Херцеговина | 20 - 28 септември | 3 |
| Младинска размена | Soften Your Skills | Загреб, Хрватска | 29 септември - 03 октомври 2021 | 5 |
| Подготвителен состанок | Let's Enjoy Difference & Uniqueness Together! | Беневенто, италија | 01 - 04 октомври | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Младинска размена | Dancing YOUTH! | Брага, Португалија | 7 - 15 октомври | 7 |
| Обука | The Digital Competence Framework | Мадрид, Шпанија | 10 - 15 октомври | 2 |
| Семинар | Together Stronger for Inclusive Europe | Касапесена, Италија | 15 - 22 октомври | 2 |
| Семинар | Online Education in Youth Work: The Start of Adventure | Јагниатков, Полска | 15 - 23 октомври | 2 |
| Семинар | Solidarity Phase: how to cope with migrants inclusion in the time of COVID-19 | Лече, Италија | 18 - 22 октомври | 2 |
| Подготвителен состанок | My European Passport | Самобор, Хрватска | 28 - 30 октомври | 1 |
| Обука | Remote Control - Digital Youth Work: NGOs Online | Трикала, Грција | 1 - 10 ноември | 4 |
| Младинска размена | Balance yourself together with us! | Карпач, Полска | 6 - 15 ноември | 10 |
| Обука | Stories for Life: Storytelling for Personal Growth | Глостер, Англија | 15 - 24 ноември | 4 |
| Младинска размена | My European Passport | Самобор, Хрватска | 18 - 26 ноември | 6 |
| Семинар | E-Participation – Informed and Involved: Exploring E-Participation | Слетестранд, Данска | 01 - 10 декември | 3 |
| Обука | Creativity 4 Change: Training course 2 | Гуменица, Грција | 13 - 21 декември | 3 |

# Финансиски извештај на ЦЕТ платформа за 2021 година



ЕМБС: 07093667
Целосно име: Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2021

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **201** | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 24.660,00 | | | 602.192,00 |
| **202** | - - Потрошени материјали | 8.020,00 | | | |
| **204** | - - Други услуги | 15.180,00 | | | 601.574,00 |
| **206** | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 1.460,00 | | | 618,00 |
| **211** | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 370.201,00 | | | 1.213.138,00 |
| **212** | - - Провизија за платен промет | 5.755,00 | | | 28.563,00 |
| **216** | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 364.190,00 | | | 217.055,00 |
| **217** | - - Негативни курсни разлики | | | | 1.747,00 |
| **219** | - - Други расходи | 256,00 | | | 965.773,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 394.861,00 | | | 1.815.330,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 2.630.963,00 | | | 3.559.278,00 |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.562.578,00 | | | 1.322.831,00 |
| **247** | - - Други приходи | | | | 345,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на | 68.385,00 | | | 2.236.102,00 |



Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Ул. бул. Видое Смилевски Бато 35/2-20, 1000, Скопје - Аеродром
+38978247458 | www.cetplatform.mk | macedonia@cetplatform.org

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | приходите од претходната година | | | | |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 2.630.963,00 | | | 3.559.278,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 2.630.963,00 | | | 3.559.278,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 2.236.102,00 | 1.763.498,00 | | 1.763.498,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 2.229.612,00 | 1.763.498,00 | | 1.763.498,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 2.168.019,00 | 1.763.498,00 | | 1.763.498,00 |
| **14** | - - Девизна сметка | 61.593,00 | | | |
| **19** | - - КУПУВАЧИ | 6.490,00 | | | |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 2.236.102,00 | 1.763.498,00 | | 1.763.498,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | | | | 19.550,00 |
| **53** | - - б) Добавувачи | | | | 19.550,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 2.236.102,00 | | | 1.763.498,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **675** | - - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 256,00 | | | |
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | | | | 217.055,00 |



Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Ул. бул. Видое Смилевски Бато 35/2-20, 1000, Скопје - Аеродром
+38978247458 | www.cetplatform.mk | macedonia@cetplatform.org

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 2.236.102,00 | | | 1.743.948,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 3.559.278,00 |

**Потпишано од:**

Suzana Josifovska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

**Скопје, 25.01.2022**

**Бојан Коцевски**
**Претседател на ЦЕТ платформа**